АУТОМАКЕДОНИЈА
ГРУПАЦИЈА

# ОГЛАС ЗА БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ

# НА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ

## Р/О број – ПО ГР 47 - 5 / 2023

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО ДОГОВОРНИОТ ОРГАН И ПРЕДМЕТОТ НА НАБАВКА

Договорниот орган е **АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје**, ЕМБ 4058097 адреса 16-та Македонска Бригада бр.2 , Скопје

Контакт адреса – automak@automakedonija.com.mk

www.automakedonija.com.mk

## 2. ПРЕДМЕТ НА ОГЛАСОТ ЗА ПРИБАВУВАЊЕ ПОНУДИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ

Аутомакедонија АД е сопственик на објект Деловна зграда – Адиминистративно изложбен центар - изграден во фаза на карабина, лоциран на ул Скупи КО Злокуќани, Скопје. За целосна доградба на објектот потребни се услуги за изведување на градежни и занатски работи, до фаза упис во Катастерот на недвижности и издавање на Имотен лист за објектот.

Подетален опис на предметот на набавката:

Изведба на градежно-занатски, инсталатерски и други работи по количини утврдени во Предмер - пресметката од техничката документација за изведба на објектот лоциран на КП 889/11 КО Злокуќани, Општина Карпош, Скопје. Фазите опфакаат :

**2.1. Градежно занатски работи**

**2.2 Електрика**

**2.3 Машинство**

**2.4 Водовод- канализација, санитарна арматура и опрема**

Место за извршување на работите - ул„Скупи„ бр. 1, Злокуќани, Скопје

Понудата треба да ги содржи сите ставки ( 2.1 – 2.4 )

# 3. АДМИНИСТРАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ

Услови за учество на овој повик за доставување понуда и добивање премер пресметки и проекти за објектот се:

3.1. Пополнување на прилог : општа форма - информации за понудувачот (3.1)

3.2. Доставување тековна состојба за понудувачот

3.3. Доставување бонитет за понудувачот (за последните 3 години )

3.4. Потпишување на изјава за доверливост (прилог 3.4)

3.5. Потпишување на изјава за сериозност на понудата (прилог 3.5)

3.6. Доставување референтна листа за последните 5 (пет) години со минимум 3 (три) потврди за задоволителна изведба

3.7. Приложување на лиценци за изведување на градби , согласно Законот за градење

3.8. Приложување на Сертификати ISO 9001:2008 – Менаџмент Систем на Квалитет и ISO 14001:2004 – Менаџмент Систем на Животната Средина

3.9. Приложена потврда за уплата за подигање на техничката документација и соодветната предмер пресметка на износ од 30.000 мкд на жиро сметка на Аутомакедонија АД Скопје во Халк Банка 270040580970133 со повик на број – ПО ГП 47-5/2023 за тендерска документација

# 4. УСЛОВИ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ

4.1 По исполнување на условите од став 3 – понудувачот е должен понудите да ги достави **најдоцна до 31.07.2023 година**

4.2 Период на важност на понудите 60 дена

4.3 Понудата треба да содржи:

– целосна техничка спецификација согласно подигнатата техничка документација и премер пресметка

- цена за изведба

- начин на плаќање

- рок на изведба со временска рамка

4.4. Доставување на сите материјали од став 3. Нецелосната документација нема да биде предмет на разгледување.

4.5 Доставувањето на понудите и документацијата од став 3 и 4 може да се спроведе на e-mail : automak@automakedonija.com.mk или во физичка форма или usb на адреса на Аутомакедонија АД - 16-та Македонска Бригада бр.2 , Скопје со назнака за ПО ГР 01/2023 - сектор набавки.

4.6. Образците и понудите може да се потпишат и електронски со користење на квалификуван сертификат за електронски потпис чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.

## 5. КРИТЕРИУМИ И ЕВАЛУАЦИЈА ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ

| | |
|---|---|
| 5.1. Цена за изведба | 40% |
| 5.2. Начин плаќање | 25% |
| 5.3. Рок на изведба | 20% |
| 5.4. Индикатори / референтна листа | 15% |
| ------------------------------------------------------------------ | |
| Вкупно (значајност на критериум) | 100 % |

Бодување ( од 1 до 5 )

Процесот на евалуација ќе се одвива согласно корпоративните правила на Аутомакедонија АД

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

6.1. Избраниот понудувач има обврска да достави Банкарска гаранција за квалитетно извршување на работите во вредност од 10% од износот на договорот.

6.2. Избраниот понудувач работите предмет на набавката , да ги изведува стручно и квалитетно, за изведување на работите да обезбеди стручни , квалификувани и овластени лица, за вградените материјали и опреми да поседува атести, сертификати издадени од овластени институции, да достави гаранции и друга документација за материјалите и опремата согласно законските и под-законските прописи.

6.3. Сите останати одредби ќе бидат уредени со договор за изведување на градежни работи соодветно

Контакт и информации на e-mail automak@automakedonija.com.mk

Скопје, 22.06.2023

**Аутомакедонија АД Скопје**

**Аутомакедонија АД Скопје**
16 Македонска бригада бр. 2, Скопје, Македонија
МБ: 4058097, ДБ: МК 4030947262832
Тел: +389 2 3103 130, +389 2 3103 131
automak@automakedonija.com.mk